# И З В Е Ш Т А Ј

## За работа на Основниот суд Крива Паланка
## за 2015 година

## I. Извештај за статистика на предмети:

**1. НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2015 година се примени вкупно 4.889 нови предмети, од кои на кривичниот оддел 1.649 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.197 предмети (примени се и 2.043 т.н. административни предмети: "КР","СУ", "УПП", исл.).

**2. ОБЕМ НА РАБОТА:**

Во текот на 2015 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 5.554 предмети, од кои 665 се нерешени предмети од претходната година, а 4.889 се новопримени предмети.

**3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Од примените 4.889 нови предмети во 2015 година, решени се 4.897 предмети, од кои на кривичниот оддел 1.694 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.160 предмети (решени се и 2.043 т.н. административни предмети). Приливот на нови предмети е совладан на ниво на суд и се решени 8 предмети од заостатокот (на кривичниот оддел приливот е совладан и се решени 45 предмети од заостатокот, а на граѓанскиот оддел приливот не е совладан за 37 предмети. Ова се должи на несовладан прилив кај работните спорови ("РО"), поради отворањето на стечајна постапка на тужената страна во ноември 2015 год. и ставањето во прекин на постапката во тие предмети.

**4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

На крајот на извештајната 2015 година останале нерешени 657 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел припаѓа на следните предмети:

-412 оставински предмети (сите доверени на нотарите);
-53 работни спорови ("РО");
-36 прекршочни предмети;
-35 "КУИКП" предмети;
-30 предмети со извршување на кривични парични казни, трошоци и паушален износ (ИКП);
-18 кривични (полнолетни);
-17 "МАЛВП" предмети, итн.

**5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Во 2015 година од вкупно примените 270 предмети од второстепениот суд 193 предмети или 71,5 % се потврдени, 20 предмети или 7,4 % се преиначени, 56 предмети или 20,7 % се укинати и 1 предмет или 0,4 % е делумно укинат.

**6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Од вкупно примените 6 одлуки по вонреден правен лек во 2015 год., 4 предмети или 66,6 % се потврдени, 1 предмет или 16,6 % е преиначен и 1 предмет или 16,6 % е укинат.

**7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ:**

Во извештајната 2015 година биле во работа вкупно 67 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои: 34 кривични (полнолетни), 12 граѓански и 21 прекршочен предмет. Во истата година се решени вкупно 55 вакви предмети, од кои: 28 кривични (полнолетни), 7 граѓански и 20 прекршочни предмети. Нерешени останале вкупно 12 предмети, од кои 6 кривични (полнолетни), 1 прекршочен предмет и 5 граѓански (1 "П4"- еден облигационен спор, 1 "РО"-еден работен спор и 3 "П1"-три имотни спора).

**8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2015 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 28 стари предмети, од кои 9 "К"-кривични (полнолетни), 4 прекршочни предмети, 3 "КУИКП" предмети со повикани лица на извршување казна затвор (полнолетни), 2 "ИКП" предмети со извршување кривични парични казни, трошоци и паушал, 1 предмет со извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки "ИСАМ", 7 граѓански-парнични (5 имотни и 2 работни спора), 1 физичка делба ("ВПП1") и 1 друг вонпарничен предмет ("ВПП"-определување надомест за експроприрана недвижност).

Од вкупниот број 28 стари предмети, решени се вкупно 22 предмети, од кои: 7 кривични (полнолетни), 4 прекршочни предмети, 2 "ИКП" предмети со извршување кривични парични казни, трошоци и паушален износ, 1 предмет со извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки "ИСАМ", 6 граѓански-парнични (4 имотни и 2 работни спора) и 2 вонпарнични предмети (1 физичка делба-"ВПП1" и 1 друг вонпарничен предмет-"ВПП").

Нерешени останале вкупно 6 стари предмети, од кои: 2 кривични (полнолетни) од 2013 год., 3 "КУИКП" предмети (1 од 2011 год. и 2 од 2013 год.) и 1 парничен "П1" (имотен спор) од 2010 год.

Меѓутоа, АКМИС за 2015 год. како стари ги презентира и следните видови предмети:

-265 оставински ("О") предмети, од кои биле решени 87 предмети, а како остаток нерешени се јавуваат 178 предмети-сите доверени на нотарите;

-1 вонпарничен "ВПП1" предмет за физичка делба, примен на 07.09.2015 год., кој не е стар предмет, бидејќи се работи за предлог за продолжување на постапката во предметот ВПП1.бр.12/12, која била прекината поради поведување на парнична постапка, и

-1 "РПП" (разни парнични предмети), кој не е стар предмет, бидејќи е примен на 16.06.2015 год., а се работи за предлог за укинување на потврда за извршност на решенија донесени во парничен предмет од 2010 година (предметот е решен на 08.07.2015 год.).

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:***

**1. Определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"):**

Во 2015 година се примени 44 нови предмети со определени дејствија во претходна постапка ("К-ПП"), колку што вкупно биле во работа и сите се решени во извештајната година.

**3. Кривични ("К") предмети-полнолетни:**

Во 2015 година се примени во работа 162 нови кривични (полнолетни) предмети и заедно со нерешените 25 од претходната година, судот во работа имаше вкупно 187 редовни предмети (вкупно 221 предмет заедно со укинатите 34 предмети

по редовни и вонредни правни лекови). Од овие предмети се решени 169 редовни предмети и 28 повторно заведени предмети (по редовни и вонредни правни лекови), односно решени се вкупно 197 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 18 редовни предмети и 6 укинати предмети по редовни правни лекови, односно останале нерешени вкупно 24 предмети.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот е совладан и се решени 7 предмети од заостатокот.

Во 2015 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примени се вкупно 73 предмети со одлуки по жалби, од кои 39 или 53,4 % се потврдени, 9 или 12,3 % се преиначени, 24 или 32,8 % се укинати и 1 или 1,3 % е делумно укината.

**4. Прекршоци (“ПРК”):**

Во текот на извештајната година во работа се примени 590 нови предмети и заедно со нерешените 31 од претходната година, судот во работа имаше вкупно 621 редовен прекршочен предмет (а вкупно 647 предмети заедно со повторно заведените 26 прекршочни предмети). Од овие предмети се решени 585 редовни предмети и 24 повторно заведени предмети (вкупно 609 предмети), а на крајот на годината останале нерешени 38 предмети (36 редовни и 2повторно заведени предмети).

Кај прекршочните предмети приливот не е совладан за 5 предмети.

Во 2015 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примени се вкупно 90 предмети со одлуки по жалба, од кои 61 или 67,7 % се потврдени, 8 или 8,8 % се преиначени и 21 или 23,3 % се укинати.

Во извештајната година е примен и еден ”ПРК-Р”, кој е решен.

**5. Извршни-прекршочни предмети (“ИПРК”):**

Во 2015 година судот постапуваше во 581 извршен-прекршочен предмет, од кои 6 се нерешени од претходната година, а 575 се новопримени предмети. Решени се 578 предмети, а на крајот на годината останале нерешени само 3 предмети.

**6. Извршување на кривични парични казни и пушален износ (“ИКП”):**

Во извештајната година судот постапуваше во 167 ИКП-предмети, од кои 85 се остаток од претходната година, а 80 се новопримени предмети и 2 се повторно заведени предмети. Од вкупниот број предмети се решени 135 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 32 предмети.

**7. Кривичен совет вон главна расправа (“КС”):**

Во 2015 година во работа имало 141 предмет од надлежност на кривичниот совет вон од главна расправа (“КС”, “КС-КР”, “КПОВ”, “УО”, “ПРК-ПОВ”), од кои се решени 136, а останале нерешени 5 предмети.

Примени се и вкупно 6 предмети со одлуки по жалба, од кои 5 или 83,3 % се потврдени, 1 или 16,7 % се преиначени, а нема укинати предмети.

**8. Замолници од кривична област (“ЗАМ-К”):**

Во 2015 година се примени и 8 кривични замолници и заедно со нерешената 1 замолница од претходната година во работа имало вкупно 9 и сите се решени.

**9. Извршување на казна затвор и мерки на безбедност (“КУИКП” и “ИСАМ”):**

Во извештајната 2015 година во работа имаше вкупно 72 КУИКП- предмети, од кои 20 се од минатата година, а 51 предмет е новопримен. Решени се 36 предмети, а

исто толку останале нерешени. Во оваа година во работа имаше и 1 предмет со мерки на безбедност “ИСАМ”, кој е завршен, а потекнуваше од 2014 година.

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:***

**1. Граѓански предмети: парнични (“П1”, “П2”, “П3”, “П4”, “П5”, “ПЛ1-П”, “МАЛВП”, “РО” и разни парнични предмети):**

Во 2015 година судот во работа имаше вкупно 523 редовни граѓански (парнични) предмети, од кои 470 се новопримени, а 53 се нерешени предмети од претходната година. Од овие предмети се решени 419, а останале нерешени 104 предмети. Приливот кај парничните предмети не е совладан за 51 предмет. Меѓутоа, заедно со повторно заведените парнични предмети (по редовен и вонреден правен лек), во извештајната година имаше во работа вкупно 542 парнични предмети, од кои се решени 432 предмети (решени се и 2 разни парнични предмети), а нерешени останале 110 предмети (5 укинати по редовен правен лек и 1 по предлог за повторување на постапката).

Во 2015 година квалитетот во пресудувањето кај овој вид предмети е следниот: Вратени од второстепениот суд се 88 предмети, од кои: 76 или 86,3 % се потврдени, 1 или 1,1 % е преиначен и 11 или 12,5 % се укинати.

**2. Вонпарнични (“ВПП”, “ВПП1” и “ВПП2”), разни вонпарнични предмети (“РВПП”) и “ИЗС” предмети:**

Во 2015 година во работа имаше вкупно 98 редовни вонпарнични предмети, од кои 76 се новопримени, а 22 се заостаток од минатата година. Од нив се решени 85 предмети, а нерешени останале 13  предмети (4 “ВПП1”-предмети физичка делба и 9 “ВПП”-предмети, сите за определување надомест за експроприрана недвижност. Приливот на нови предмети е совладан и се решени 9 предмети од заостатокот. Меѓутоа, во извештајната година, заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни правни лекови исл.) во работа имало вкупно 100 вонпарнични предмети (26 физички делби и 74 останати вонпарнични предмети), од кои се решени 86 предмети, а останале нерешени 14 предмети, од кои 9 останати вонпарнични предмети (нема укинати) и 5 физички делби (1 по предлог за продолжување на постапката).

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Биле вратени од второстепениот суд вкупно 4 предмети и сите се со потврдени одлуки (100 %).

Во извештајната година во работа имало и: 101 “РВПП”, 162 “ЗАВ-Х”, 3 “ЗАВ” и 26 “ЗАМ-С” предмети (разни потврди, уверенија, заверки, дозволи, замолници исл.) и 4 извршувања по Законот за семејство (“ИЗС”) и сите се решени.

**3. Оставина (“О”), оставина по приговор (“О1”), приговори против неправилности во извршувањето (“ППНИ”) и противизвршување (“ПИ”):**

Во извештајната година во работа имало и: 656 оставински предмети доверени на наотарите, од кои се решени 244, а останале нерешни 412 предмети; 30 предмети по предлог за расправање на новопронајден имот од оставина, од кои судот решил 29, а 1 предмет останал нерешен; 9 предмети по приговор на оставинско решение од нотар (“О1”), кои се решени; 102 предмети по приговор против неправилности во извршувањето (“ППНИ”) и , 5 “ИДС”, кои се решени и 1 предмет по предлог за противизвршување “ПИ”, кој останал нерешен.

Во 2015 год. се вратени од второстепениот суд 9 “ППНИ” предмети, од кои 8, или 88,9 % се потврдени 1, или 11,1 % е преиначен,а нема укинати предмети.

**РАБОТА СО АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2015 година е посветено големо внимание на класификувањето, означувањето, средувањето и издвојувањето на архивираните предмети. Имено, беа формирани комисии за издвојување на архивскиот од документарниот материјал, со негов опис и попис и со попис на документарниот материјал, предложен за уништување. Се работеше за еден огромен и сериозен организациски и функционален зафат, бидејќи се средуваше судската архива по сите видови на предмети за период од над 6 (шест) децении. Предмет на работата беа вкупно 58.737 предмети, од кои: 36.722 граѓански (16.930 парнични, 13.000 оставински, 5.279 вонпарнични и 1.513 извршни предмети) и 22.015 кривични предмети (2.607 кривични-полнолетни, 9.929 прекршочни и 9.479 извршни-прекршочни предмети). Работата беше успешно завршена, по што судската архива беше селектирана, средена и организирана во 4 (четири) депоа, со назначување на одговорно лице за депонирање и издавање на предметите од судската архива. На крајот од овој процес, Државниот архив на Република Македонија-Одделение во Куманово, оценувајќи ја работата како особено успешна, даде согласност за уништување на документарниот материјал, со истечен рок на чување, во два наврати-првата, со решение УП.бр.117-33 од 24.06.2015 год., кога беа уништени 39.588 граѓански, кривични и прекршочни предмети и втората, со решение УП.бр.17-41 од 27.10.2015 год., во која прилика беа уништени 14.459 кривични, прекршочни и граѓански предмети.

Уништувањето на предметите со истечен рок на чување беше спроведено на начин предвиден во Законот за архивски материјал.

**КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА:**

Во извештајната година беше извршена уште една обемна системска обврска, а имено извршена е проверка и се внесени податоци во казнената евиденција во електронска форма за периодот од 1994 год. до 2015 год., согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в. на РМ", бр.111/14).

## II. Извештај за човечки ресурси:

### 1. Тековен број на вработени и побарување на најприоритени вработувања во текот на годината во судот:

Во 2015 год. работите и задачите од надлежноста на судот беа извршувани од вкупно 40 вработени, од кои: 5 судии (со Претседателот на судот), 1 раководен судски службеник (раководител на судски оддел), 1 советник (информатичар), 1 помлад соработник (информатичар), 6 судски соработници, 1 самостоен судски референт (сметководител), 4 самостојни судски референти (уписничари), од кои еден е пензиониран од 03.10.2015 год., 1 виш судски референт (благајник), 8 судски референти-дактилографи (од кои двајца се распореден како уписничари на парнични и прекршочни предмети), 6 помлади судски референти (од кои 5 се доставувачи-еден е починат на почетокот на 2016 год., а еден е распореден на извршување на прекршочни санкции), 4 припадници на судската полиција и 2 помошни и технички работници (хигиеничари).

Со завршувањето на 2015 година судот остана со вкупно 10 упразнети работни места во судската писарница (поради пензионирање и два смртни случаи на судски службеници), и тоа: четири во звањето “самостоен судски референт”-водители на уписници и прием и експедиција на пошта, две во звањето “виш судски референт”-извршител во писарница и четири во звањето “помлад судски референт”-

судски доставувач, со што неговиот административно-технички капацитет е сведен на критично ниво. Состојбата со пополнетост на работните места во судските писарници дополнително ќе се влоши со пензионирањето на уште еден самостоен судски референт-водител на кривичната писарница во втората половина од март 2016 год.

Со оглед на претходно наведенотото, како вработувања од висок приоритет за судот во 2016 година, се јавуваат вработувањата на следните позиции:

-Самостоен судски референт (водител на парнична писарница) - 1 извршител;

-Самостоен судски референт (водител на вонпарнична и оставинска писарница) - 1 извршител;

-Самостоен судски референт (водител на кривичната писарница) - 1 извршител;

-Самостоен судски референт (водител на писарницата за извршување на прекршочни санкции) - 1 извршител;

-Виш судски референт-архивар -1 извршител;

-Командир на судската полиција;

-Хаусмајстор-одржувач на системот за топловодно греење, и

-Возач.

2. Споредба на планирани и реализирани обуки на вработените. Оценка на ефектите од обуките во смисла на подобрен квалитет на обуките, посебно во примената на процесното и материјалното право:

Обуките на вработените во Основниот суд Крива Паланка се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители-Скопје. На обуките зедоа учество судиите и судските службеници (судски соработници и помошно-стручни службеници) од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: “Новиот Закон за кривичната постапка”, “Примена на новиот Закон за прекршоците”, “Примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната”, а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: “Имплементација на Законот за парничната постапка”, “Трудово право во ЕУ и судска практика на Европскиот суд на правдата на ЕУ и Европскиот суд за човекови права” и “Слобода на изразување и право на приватност-чл.8 и 10 од Европската конвенција за човековите права”. Обуките беа реализирани согласно со специјализацијата, пројавениот интерес и афинитети на судиите и судските службеници, како и потребите на работниот процес на судот.

## III. Извештај за усогласување на судска пракса

### 1. Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:

Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно (најмалку еднаш месечно) се изнесуваат на седниците на судиите и седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел. При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Скопје, на заедничка седница се разјаснуваа определени правни прашања по барање на судиите на Основниот суд Крива Паланка и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската практика во определени специфични правни случаи и единствената примена на законите.

## IV. Извештај за односи со јавност

Број на примени и одговорени прашања од граѓаните за канцеларијата за односи со јавност што се однесува на нивните прашања:

Во 2015 год. граѓаните се немаат обратено до Канцеларијата за односи со јавноста на Основниот суд Крива Паланка.

Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет:

Досега на WEB-страната на Основен суд Крива Паланка се објавени вкупно 7.186 анонимизирани одлуки, од кои 1.456 се одлуки донесени во 2015 година.

Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, едукации на населението организирани од судот:

Во 2015 год. судот нема организирано соопштенија за јавност, прес-конференции, јавни настани и едукации на населението.

Тргнувајќи од постулатите за отворено и објективно информирање на јавноста, во смисла на чл.102 од Судскиот деловник, кон крајот на јануари 2016 год. е закажано соопштение за јавноста на локален медиум (телевизија "КЗ"), преку кое ќе се даде отчет за работата на Основниот суд Крива Паланка во 2015 година.

## V. Извештај за информатички технологии

Извештај за активностите во делот на ИКТ.

Во 2015 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

-Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми;
-Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот;
-Одржување на судската мрежа;
-Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите, дистрибуирање на обновената лиценца;
-Секојдневна помош на судските службеници во работата, во случај на појавени проблеми во програмата АКМИС;
-Ажурирање на WEB-страната на судот, со редовно објавување на анонимизираните одлуки, неделниот календар на судења и соопштенија и информации од јавен карактер;
-Секојдневна изработка на извештаи за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, како и изработка на неделни извештаи за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, вкупниот број на на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот;
-Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;
-Помош и обука на записничарите кои работат со судиите од граѓанскиот оддел за користење на програмата за тонски снимања “ФЕМИДА”;
-Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС;
-Оптимизирање на Backup процедурата за виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp;
-Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;
-Инсталација на потребен софтвер и драјвери;
-Имплементирање на опрема за скенирање во приемното одделение и обука на

судските службеници од наведеното одделение за користење на опремата и системот за електронски прием на поднесоци;
-Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;
-Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk исл.

## Примена на програмски апликации во судот, што е сменето, доградено, воочени проблеми, предлози за подобрување.

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките. Новите верзии на оваа програмска аликација од страна на фирмата “ЕдуСофт” навремено се инсталираат и се доусовршуваат нејзините можности, за што пореален одраз на преземаните активности во самиот софтвер.

Граѓанските рочишта се проследени со тонски снимања преку програмата “ФЕМИДА”.

Сите донесени одлуки се анонимизираат во програмата OpenOffice.org Writer, затоа што во програмата АКМИС сеуште не е овозможена автоматска анонимизација. Таа програма се користи и за изготвување на разни писмени акти.

Во одделението за сметководство се користи програмата АБМС -Автоматизиран Буџетски Менаџмет Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во одделението за сметководство се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На сите компјутери е инсталирана антивирусната програма  Kaspersky Endpoint security for Windows.

Работата на компјутерите коишто се со 256MB-1GB RAM е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Затоа, потребно е да се направи надградба на тие компјутери до барем 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата. Воедно, треба да се размислува за целосна обнова на хардверот, бидејќи најголем дел од опремата е веќе амортизирана.

Официјалната подршка со надоградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судовите заврши на 8 Април 2014 година и со тоа повремено се зголемува нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект.

Бидејќи принтерите кои ги користиме во секојдневна работата се веќе амортизирани. Во текот на претходните години, голем дел од нив се носени на сервис, а дел од сервисните зафати чинат понекогаш повеќе од набавка на нов уред, па во текот на 2016 година е потребно да се изврши набавка на нови печатачи

Најпосле, во 2015 година е започнато со користење на модулот за електронска достава и преку АКМИС е извршено доставување на неколку судски писмена.

# VI. Извештај за опременост и одржување на зграда на судот

## Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 44 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година, но капацитетот на постоечкиот котел не ги задоволува потребите на судот. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на

уште еден-IV кат и обновување на фасадата. Од изградбата на зградата не е вршена реконструкција на електричната инсталација. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда). Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, освен во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери (едниот е од постар датум). Најголем дел од судските простории се климатизирани. Внатрешните простории од приземјето до четвртиот кат во најголем дел се покриени со видео-надзор. Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција веќе три години, бидејќи дотраениот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е комплетно средувана и доуредена со метални полици. Судот е опремен со уреди за противпожарна заштита, меѓутоа истите не се испитани повеќе од 7 години. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите во судската зграда не се варосувани над 17 години.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-Реконструкција на електричната инсталација, заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (компјутери, печатачи, сервери, климатизери исл.);

-Набавка и монтажа на нов котел за топловодно греење со адекватен капацитет;

-Поправка на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Поправка на мрежниот печатач "Минолта PagePro 9100";

-Набавка и инсталација на камери за видео-надзор на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници, како и пред и зад судската зграда (овој простор не е покриен со сегашниот систем);

-Поставување на ограда на пристапната патека за лицата со посебни потреби;

-Поставување на ламинатен под на третиот кат, кај што се сместени судиски кабинети и канцеларијата на Претседателот на судот (постоечкиот теписон е дотраен);

-Реконструкција на санитарниот јазол на четвртиот кат;

-Замена на старите прозорци на судиницата I на првиот кат, како и на судницата IV и работната просторија на вториот кат, со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, и

-Варосување на просториите.

## Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната:

-Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат четирите припадници на судската полиција;

-Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на

судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е можно да се организира. Судската полиција нема командир, а со негово назначување ќе се овозможи прописно организирање нејзината работа;
-Метал-детекторот на влезот од судската зграда не е во функција, па е нужно негово оспособување;
-Системот за видео-надзор треба да се надгради со поставување на камери на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници, како и пред и зад судската зграда, бидејќи според сегашната состојба овие површини визуелно не може да се контролираат;
-Електричната инсталација е стара над 40 години и истата треба да се замени со нова, за да се елиминира опасноста од дефекти и пожар;
-Еден од климатизерите во серверската просторија е веќе заменет, но другиот (иако е во функција) е стар и со истечен рок за гарантирани работни часови, па е потребна замена и на овој клима-уред со нов, со поголема моќност и работен век;
-Опремата за противпожарна заштита не е испитана повеќе од 7 години, па е потребно обезбедување средства за нејзино редовно одржување.

## VII. Извештај за јавни набавки-извршени и планирани

### Централизирани, предмет на набавка:

Во 2015 год. се извршени две централизирани јавни набавки на услуги, и тоа едната за фиксната, а другата за мобилната телефонија.

### Сопствени набавки, број на огласи, избрани добавувачи по предмет на набавка, вредност на набавките:

Во извештајната година Основниот суд Крива Паланка спроведе постапка за јавна набавка по следните огласи:

-Оглас бр.4/2015 за јавна набавка на масло за горење-ЕЛ (екстра-лесно), во количество од 9.500 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот “Супертрејд”, ДОО-Скопје, ул.”Борис Трајковски”, бр.68., со вредност на договорот (без вклучен ДДВ) од 370.310,00 ден., или со ДДВ за вкупна цена од 436.966,00 ден.;

-Оглас бр.5/2015 за јавна набавка на тонери, печатени обрасци, хартија и други канцелариски материјали, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот Друштво за трговија, преоизводство и услуги “Опиком” ДООЕЛ, ул.”Јаким Спиров”, бр.32/9, Пробиштип, со вредност на договорот (без пресметан ДДВ) од 135.342,00 ден., или со ДДВ по вкупна цена од 159.704,00 ден., и

-Оглас бр.6/2015 за набавка на гориво (моторни возила)-еуродизел, во количество од 1.700 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот а.д. за промет со нафта и нафтени деривати “Макпетрол”-Скопје, ул.”Св. Кирил и Методиј”, бр.4, со вредност на договорот од 82.110,00 ден. (без ДДВ), односно 96.900,00 ден. (со ДДВ).

Сите наведени јавни набавки се содржат во Планот за јавни набавки за 2015 година.

## VIII. Извештај за извршувања на буџет на судот и финансиска анализа

### Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:

Во периодот од 01.01.2015 год. до 31.12.2015 година направени се расходи во вкупен износ од 21.111.253,00 ден., од кои најголем дел, и тоа износ од 18.532.857,00 денари за плати, придонеси и надоместоци на вработените, 2.503.622,00 денари за материјални расходи на судот, 43.656,00 денари за исплата на испратнини при пензионирање на вработените, за плаќање по извршни исправи 1.500,00 денари и 29,618,00 денари за капитални расходи (набавка на архивски полици). Во споредба со планираниот буџет за 2015 год. (21.917.000,00 ден.) направените трошоци (21.111.253,00 ден.) не го надминуваат планираниот буџет за износ од 805.747,00 ден.

Со годишната распределба на буџетот за 2015 година од страна на Судскиот буџетски совет на Основниот суд Крива Паланка му беа одобрени средства за материјални расходи во вкупен износ од 2.503.895,00 ден., од кои 1.775.895,00 ден. одобрени од буџетската сметка на судот и 728.000,00 ден. одобрени од сметката за приходи финансирани од органи (сопствени приходи).

## Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба со планираното.

Во октомври е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети. Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен. Поради тоа, за 2015 год. Основниот суд Крива Паланка не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети.

## Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.

Во 2015 година пренесени се обврски од изминатите години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 2.052.175,00 ден. Дел од овој долг е намирен во текот на годината, така што заклучно со 31.12.2015 год. вкупните ненамирени обврски по основ на материјални трошоци изнесуваат 1.264.967,00 денари, со што долгот е намален за 787.208,00 денари. Најголем долг овој суд има кон Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија-Скопје, во износ од 806.338,00 ден. Се планира дел од ненамирените обврски да се намират со одобрениот буџет за 2016 год.

Претседател на судот,
Анкица Димитровска